# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 28.01.2022 год.** | **Уредува: Душко Миовски**

**Излегува по потреба** | **Број 01 - Година 2022** | **Општина Пехчево**
**Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2022 година;
2. Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година;
3. Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година;
4. Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година;
5. Заклучок за не усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
6. Заклучок за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица;
7. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП Комуналец за висината на цената за плаќање на лица ангажирани од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за вршење на работи;
8. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2021 год;
9. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2022 година;
10. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година;



Created with PDFBear.com

11. Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2022 година;
12. Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на туризмот за 2022 година;
13. Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево;
14. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година;
15. Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година;
16. Одлука за усвојување на иницијатива за изработка на планска документација – Урбанистички проект за формирање на градежна парцела;
17. Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2022 год;
18. Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2022 година;
19. Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година;
20. Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2022 година;

Бр. 09-150/1
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/2 Градоначалник на
28.01.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево наседницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година бр. 01-688/1 од 22.12.2021 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-129/1 Совет на општина Пехчево
28.01.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-688/1
22.12.2021 год
ПЕХЧЕВО

Борис Поповски

# Програма за работа и развој на ЈКП Комуналец Пехчево за 2022 година

Пехчево
Декмври 2021

Created with
PDFBear.com

Реализацијата на многубројните проекти, решавањето на тековните проблеми се дел од активностите на кои ставаме посебен акцент.

Нашата основна мисија е непрекинато снабдување на нашите корисници со вода за пиење, евакуација на атмосферски води од урбаните површини, отстранување и пречистување на отпадните води, одржување на градската инфраструктура, заштита и разубавување на животната средина.

Меѓутоа како резултат на имплементацијата на предвидените проекти за наредниот период, имаме зацртано да го подигнеме нивото на услугите спрема нашите корисници на едно повисоко ниво и тоа преку добивање на стабилна водоводна и канализациона инфраструктура и унапредување на животната средина преку запазување на сите меѓународни еколошки стандарди и прописи.

Сето тоа треба да биде пропратено со финансиско и оперативно зајакнување на претпријатието, зашто само така можеме да ги реализираме поставените задачи и цели. Vo tekot na 2022 godina javnoto pretprijatie }e ja vodi slednata politika za kvalitet:

1.Obezbeduvame uslovi za neprekinato snabduvawe na na{ite korisnici so voda za piewe, evakuacija na atmosferski vodi od urbanite povr{ini, otstranuvawe i pre~istuvawe na otpadnite vodi, odr`uvawe na gradskata infrastruktura, za{tita i razubavuvawe na `ivotnata sredina. Kontinuirano sobirawe, transportirawe i deponirawe na smetot, so toa {to celite na pretprijatieto se uskladeni so potrebite i o~ekuvawata na korisnicite na na{ite uslugi.

2.Namaluvawe na tro{ocite, zdrava voda za piewe, za{tita na `ivotnata sredina i ~ist grad se o~ekuvawata na na{ite korisnici, koi ќe se trudime da gi ispolnime.

3.Sloboden pristap do informaciite, transparentnost vo rabotata na pretprijatieto.

4.Sledewe i podobruvawe na vospostaveniot sistem za kvalitet na raboteweto, {to obezbeduva zadovoluvawe na optimalnite potrebi na korisnicite.

5.Obezbeduvaj}i dobri uslovi za rabota na vrabotenite, }e postigneme povisok stepen na kvalitet na na{ite uslugi.

6. Gradime partnerski odnosi so gra|anite i dobavuva~ite preku me|usebna doverba, jasna i otvorena komunikacija.

7. Pri vr{eweto na dejnosta posebno vnimanie posvetuvame na za{titata na `ivotnata sredina и za~uvuvaweto na prirodnite resursi.

8. Site odluki gi nosime vrz baza na fakti so analiza na relevantni podatoci, a so pomo{ na raspolo`livi metodi.

So obuka i motivacija na site vraboteni, postignuvame nivnoto znaewe i iskustvo da pridonesat za permanentno podobruvawe na procesite i rezultatite od rabotata.

9. Rakovoditelite i site vraboteni gradat klima na me|usebna sorabotka, doverba i pripadnost na pretprijatieto koe se zasnova na gri`a za interesite i potrebite na sekoj rabotnik, odnosno go pottiknuva vklu~uvaweto na rabotnicite vo kreirawe na rabotnite procesi.

10. Neprekinato podobruvawe postignuvame so uskladuvawe na rabotata na site nivoa, bidej}i toa e opredelenost na rakovodstvoto i trajna zada~a na sekoj vraboten.

11 .Rakovodstvoto se ovrzuva vo ramkite na svoite zada~i, posveteno da raboti na dosledna primena i postojano podobruvawe na sistemot za upravuvawe so kvalitet id a gi uskladuva so zakonskite barawa i svetskite normi za za{tita na `ivotnata sredina.

ЈКП Комуналец почетоците на своето самостојно работење ги бележи од 1997 година и е претпријатие основано од страна на општина Пехчево заради вршење на дејности од комуналната област



Created with
PDFBear.com

од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Пехчево.

ЈКП Комуналец постојано гради партнерски односи со граѓаните и добавувачите преку меѓусебна доверба, јасна и отворена комуникација. Сите одлуки ги носиме врз база на факти со анализа на релевантни податоци, а со помош на расположливи методи.

Со обука и мотивацијана сите вработени, постигнуваме нивното знаење и искуство да придонесат за перманентно подобрување на процесите и резултатите од работата.

**Основни дејности на претпријатието се:**

1. Снабдување, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;
   - Снабдувањето со вода за пиење подразбира: зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево, с. Робово, Умлена, Чифлик и Негрево;
3. Одржување на канализационна мрежа во Пехчево,с.Чифлик и с. Робово.с,Умлена ;
4. Одржување на градско зеленило и паркови;
5. Одржување на градско пазариште;
6. Одржување на улично осветлување;
7. Собирање и депонирање смет од физички и правни лица во Пехчево, Робово, Умлена, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник;
8. Одржување на јавната чистота;
9. Управување со градските гробишта;
10. Зимско одржување, т.е. чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на општина Пехчево;
11. Одржување на депонијата.

ЈКП Комуналец- Пехчево функционално ги извршува на сите активности во тековното работење на динамички и финансиски план.

Техничките одделенија се носители наглавните активности на претпријатието, кои се наведени погоре.

Заради законито и ефикасно извршување на работите и задачите на ЈКП Комуналец Пехчево се образуваа два сектора ,со две одделенија и тоа :

1.Сектор за финансиско работење со две одделенија :
- Одделение са сметководство и финансова оператива;
- Одделение за општо - правни работи и човечки ресурси;

2. Сектор за технички работи и развој со две одделенија :
- Одделение за водоснабдителни објекти;
- Одделение за технички работи и услуги.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето го известува Директорот и одговара за сите активности во тековното работење на претпријатието.

Финансиското работење е проследено во одделение за сметководство и финансова оператива. Одделението за сметководство и финансова оператива  ги извршува сите активности поврзани со финансиски активности од внес на прочитаните состојбати на водомери, изготвување на фактури за правните лица, директен контакт со корисниците за сите потреби кои претпријатието може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниопт статус и организацијата на претпријатието, како и регулирање на статусот на вработените во претпријатието. И одделението за сметководство и финансова оператива има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението.

Раководителот на оделението одговара директно пред директорот на претпријатието. Финансиското работење се темели на:

- зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
- подобрување на наплатата;



Created with
PDFBear.com

- дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;

Основните појдовни елементи врз кои се заснова изготвувањето на програмата за работа и развој на ЈКП Комуналец за 2022 година се:

- дефинирање на планираниот физички обем на услуги;
- целосно искористување на постоечките капацитети;
- подобрување на услугите кон корисниците;
- технолошки развој и дигитализирање на податоци во тек со современите трендови и реалните потреби на претпријатието.

**1. Снабдување со вода за пиење**

Под систем на водоснабдување на населението со (секогаш) хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење - извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.) и дистрибуција на истата до домаќинства и правни лица.

Во наредната 2022 планираме приклучување на изградените таложници пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи во соработка со Општина Пехчево.

Планирано е изработка на пластични преталожници и таложници ,при што би се намалило количината на примеси од манган и железо во водата и би се поедноставило чистењето т.е одржувањето на истите.

Промена на електромегнетен вентил на излезна вода на филтер станица во Пехчево.

**2. Одржување на водоводна мрежа во општина Пехчево**

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата). Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем. Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сирова и преработена вода, кој се протега од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.

Цевоводите се делат на регионални цевоводи (главни доводи), примарна (дистрибутивна), секундарна мрежа и терциерна мрежа (куќни приклучоци).

Во согласност со техничките прописи и одржување на цевоводите се вградуваат воздушни вентили, испусти, мерни уреди, кој со предвидената динамика ќе се вградуваат и во 2022.

Со цел остварување на овие принципи треба да се настојува следното :

- Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и стамбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна состојба, што може да се оствари по пат на контрола на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционно одржување.

-Редовно читање на состојбите на броилата на водомерите кај корисниците;

-Редовно (2 пати месечно) испитување (Јавна Здравствена Установа) и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и благовремено превземање на неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;

- Брзо и организирано отстранување на настанатите дефекти;
- Секојдневно сопствено испитување на испорачаната вода;
- Годишна севкупна задолжителна анализа (радиолошки и хемиски ) од ЈЗУ Скопје;
- Планско работење и испитување на причините за загубите на вода и нивно намалување а воедно и изнаоѓање на средства за промена на примарната водоводна мрежа на Булевар „Равен,,;
- испустање на испусти на секои 14 дена, а по потреба и почесто заради прочистување на водата,
- хиперхлорирање на водата 2 пати годишно, перење на водоводната мрежа, дезинфекција на истата,
- Секојдневно испитување на квалитетот на испорачаната вода во лабораторијата во филтер станицата и набавка на опрема за третирање на сировата вода во филтер станицата;



Created with PDFBear.com

- Набавен е нов индустриски Пх метар, замената е пумпата за хлор, извршена е поправка на електронската табла во Филтер станицата
-Во 2022 година се планира промена на сите главни вентили во мрежата (промена поради дотраеност);

### 3. Одржување на канализационата мрежа

Под одржување на канализационен систем на градот Пехчево, се подразбираат следните активности:

- Следење и одржување на изградениот фекален и атмосферски (во централното градско подрачје) канализационен систем. Во Пехчево постојат два канализациони колектори, лев и десен и се релативно нови, од ПВЦ цевки, како и дел од секундарните краци се ПВЦ.

Во понатамошното работење ќе биде опфатена целосна замена на канализационите цевки со ПВЦ цевки;

Целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација се проверува и санира барем најмалку еднаш во годината, покрај редовни санации и чистења кога се јави потреба.

Имено така оперативната група за чистење на ревизиони и главните шахти ги контролира и исчисти, ако во нив има талог и слично, а потоа со специјалното возило, пумпа за вода, под притисок се испираат канали и цевки. Исто така оперативната група за чистење на улични сливници ги контролира и чисти уличните сливници, и го транспортира материјалот со трактор и го депонира на депонија одредена за тоа.

Изградена е канализационата мрежа во с.Чифлик, Робово и дел во с.Умлена на која треба да се приклучат корисниците кои не се приклучени а воедно и редовно одржување на истата од наша страна. Во координација со Општина Пехчево ќе се одржуваат и локалните патишта во општината.

При одржувањето на фекалната канализација ЈКП Комуналец се има соочено со голем број неправилности и потешкотии од различна природа како:

- депонирање на различен градежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- неправилно (диво) вклучување на фекалната канализација;
- недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како: пепел, песок, крпи, отпаден материјал од казаници, зимница, камења и сл;
- оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- оштетување на решетки од улични сливници.

*Одведување на отпадни и атмосферски води ги опфаќаат следните активности:*

- фекалниот канализацонен систем со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- промена на дотраени капаци на шахти,и шахти
- Детоксикација и дератизација на канализационата мрежа (шахти на улици);
- Атмосферскиот канализационен систем во централното градско подрачје со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на Пехчево во природните реципиенти и отворени канали;
- Одржување во исправна состојба на ревизиони шахти и сливници кои служат за прифаќање на атмосферски води;
- Вршење на интервенции со рачен алат, чекреци, сајли и пумпа под притисок;
- Отварање постапка за набавка на нова пумпа под притисок;
- Увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- Приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на дел од канализационата мрежа по речното корито во с.Умлена (крак од Станко Манински до Илија Гајдурински);
- Во соработка со Општина Пехчево: Ставање во функција на канализација во с.Робово.
- Приклучување на колекторкиот канализационен систем во атарот на село Чифлик.



Created with
PDFBear.com

## 4. Одржување на паркови и градско зеленило

Програмата има за цел да ја прикаже состојбата на градското зеленило , видот и обемот на работите, потребен број на работници, вредноста на работите сврзани со одржување на градското зеленило за 2022 година.

Основна задача е одржување на јавните зелени површини со ист интензитет и динамика.

Начинот и интензитетот на одржувањето се менливи елементи кои се во корелација со климатските услови. За реализација на програмата во предвидениот обем и интензитет, со кои би се гарантирало квалитетно зеленило, постојниот број на работници е недоволен, што се надополнува со вклучување на 3 сезонски ангажирани работници од наша страна, а во зависност од договорот со Општина Пехчево.

Во текот на 2014 и 2015 година во централното градско подрачје на новиот плоштад изградени се нови зелени површини од 50м$^2$ кои се вклучени во програмата за редовно одржување за 2022 година. Старите зелени површини кои беа на местото на новиот плоштад зафаќаа површина од 400м$^2$.

Интензитетот на извршувањето на предвидените операции (откос, кроење на дрвца, полевање, чистење и кастрење на гранки покрај локалните и регионалните патишта,засадување на сезонско цвеќе,). Календарот и динамиката на извршување, како и потребниот број на извршители зависи од финансиските средства потребни за реализација на програмата и заедничката соработка со Општина Пехчево.

***<u>Преглед на зеленилото во Пехчево</u>***

Влез на Пехчево со 3 парковски парцели кои зафаќаат површина во м$^2$ , и тоа: - Парк на влез во Пехчево, под патот со површина од 4000 м2,

- Парк на влез во Пехчево над пат, 500 м2,
- Парк  кај Г.Вазлиска со површина од 1000 м2,
- Парк на раскsница кај продавница на „Равна река“ 1000 м2
- Парк кај „Здравен дом" 4000 м2 ,
- Останати површини 1500 м2 (како зеленило на острови на булевар, зеленила на раскрсница на ул.„К.Медарски", Зеленило во централното градско  подрачје, површини кај „Градско пазариште, залени површини на место  тротоари на разни улици во градот и сл.)

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа програма е ЈКП Комуналец, со претходно склучен договор со Општина Пехчево.

Надзор над извршувањето на програмата, согласно Одлука за комунален ред на Општина Пехчево, врши градски орган за комунални работи.

## 5. Стопанисување со градско пазариште

Градското пазариште во Пехчево располага со следниот простор и опрема:

- површина за пазар...........................1000  м$^2$;
- површина за паркинг......................1.000 м$^2$ ;
- метални тезги со кров.........................бр.23
- метални тезги без кров...................... бр.3
- откриен продажен простор ..........500 м$^2$ ;
- продажен простор полиња бр ....500 м2;

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на општина Пехчево. Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување. ЈКП Комуналец стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.

Пазарите по меѓусебниот однос помеѓу купувачите и продавачите се разликуваат од супермаркетите, кои во почетокот на 21 век му станаа значителна конкуренција на овој традиционален и многу популарен облик на трговија.

За одржувањето на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците, кое нешто е предвидено и со закон.

Освен за тезги и полиња странките наплаќаат и за месечни резервации.



Created with
PDFBear.com

Според законот за безбедност на храната, трговците и производителите се должни да продаваат проверена и контролирана роба, која може да биде контролирана од инспектор за храна.
Целта на овој закон е да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

Поставени се нови контењери на градскоит пазар , а исто така е поставен и сад за стакло.

Во 2022 година во соработка со Општина Пехчево е планирано асфалтирање и покривање на градското пазариште.

## 6. Одржување на улично осветлување

Со склучување на договор меѓу Општина Пехчево и ЈКП Комуналец, претпријатието е обврзано за одржување на улична расвета. Во договорот е обврзано општината за набавка на соодветните материјали, а оперативниот дел, т.е вградување и замена е обврска на ЈКП. ЈКП ќе работи согласно програмата на Општина Пехчево.

Украсувањето за Новогодишните празници го врши ЈКП Комуналец, со вработени од општината.

## 7. Изнесување и депонирање на смет

ЈКП Комуналец со оваа програма се стреми за имплементација на законската и подзаконската регулатива од оваа област (пред се законот за управување со отпад, и законот за животна средина ) и подобрување на оперативното работење.

За реализација на оваа програма ќе биде задолжено одделениеto за таа намена кое има добра соработка со корисниците на услугите, и со вршење на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во 2022 година целосно ќе биде покриена територијата на општина Пехчево. Се планира докомплетирање на селата со контејнери и корекции и тампонирање на некои улици за да има пристап возилото за собирање на смет.

Поставени се 9 нови контењери во централното градско подрачје за комбиниран отпад , а исто така се поставени 9 садови за колекција на стакло во соработка со Пакомак, распоредени на сооcдветни локации во Пехчево.

Во 2022 година се планира да се потпише договор со сериозна компанија за собирање на пластика и на соодветни локации да се поставаат садови за колекција, а исто така сме во преговори да набавиме преса за пресување на пластиката,при што ќе се намали габаритот и ќе се олесни транспортот на истата.

Со средства од ЕУ фондовите целиот Источно-плански регион ќе биде доопремен со дефицитарна опрема, во случајот со ЈКП Комуналец ќе има потреба од уште 1 до 2 возила за смет и садови за смет. Возило за смет марка Ивеко веќе е пристигнато и ставено во функција. .Од министерство за животна средина доделени се 64 нови контењери, при што дел се распоредени а за дел имаме план и стратегија за нивно позиционирање. Се надеваме кон средината на 2022 да профункционира и регионалната депонија.

## 8. Одржување на јавна чистота

Со програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Пехчево во 2022 година се дефинираат: видот и обемот на работата која треба да се извршат во текот на 2022година како и динамиката и начинот на извршување на работите. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од: Рачно метење и миење на улиците во централното градско подрачје како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во законот за јавна чистота, празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во центарот на Пехчево.

Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизација за одржување на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следните клучни фактори:

- начинот на одржување на јавната чистота
- пресметката на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата
- димензиите типот и формата на јавните површини, големина

Сметот се појавува како:

Секојдневен смет:



Created with
PDFBear.com

a. отпадоци од возила кои ннастануваат при: превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук, технолошки материјал), собирање на домашен смет, косење на тревни површини;
b. при интензивни врнежи од дождови: наноси од земја, песок, лисја и др.
c. загадувања од атмосферата: загадување од чад и прав, индустриски оџаци, гасови од моторни возила;

– Сезонски смет:
  a. лисја од дрва, суви гранки и сл.,
  b. песок, ситен камен, кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани;

Во централното подрачје на Општината одржувачите на хигиена ќе вршат рачно метење и празнење на уличните корпи за отпад, со исклучок во зимските периоди при поголеми врнежи на снег и појава на мразеви.

Динамиката на извршување на активностите за чистење на јавните сообраќајни површини може да се зголеми во зависност од укажаните потреби, а врз основа на согледувањата на стручните служби на претпријатието или на барање на општинските органи.

Планираме набавка во 2022 година на сет колички со потребен алат (се на едно место) за чистење, осовременување на алатот и олеснување на работата на работниците, набавка на машина за метење на улици-веќе сме во преговори за донација на истата.

Ставање на нова ограда - заградување на плацот на ЈКП „Комуналец" по должината на ул. „Јулија Веселинска" обезбедена е мрежа.

## 9. Управување со градски гробишта

Управител на градските гробишта во Пехчево е ЈКП Комуналец, а законот предвидува во иднина и управување со селските гробишта ( православни).

Претпријатието ги врши следниве услуги: доделување на гробни места, одржување на гробиштата, издавање на одобренија за погреб, водење дневник и регистар на погребани лица.

Гробиштата како добра во општа употреба, уживаат посебна заштита и се користат под услови и начин утврдени со законот за гробишта.

Во 2022 година ќе се заврши

– урбанизирање и оградување на новиот дел од гробиштата и ќе почне парцелизација, т.е. изградба (бетонирање) на гробни парцели и патеки,
– уредување на двата влеза на гробиштата со бекатон плочки;
– оградување на делот на новите гробишта од страната на регионалниот пат Берово - Делчево со жица и железна ограда и поставување на трет влез од истата страна,
– обележување со тампон на патеки и пат во делот на новите гробишта;
– давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за одредување на проектно место за паркинг плац и изградба на капела на градските гробишта;
– давање на предлог до Градоначалник и Совет на општина Пехчево за изградба на тенда (настрешница) на предниот влез на градските гробишта.

## 10. Зимско одржување

Општина Пехчево и ЈКП Комуналец веќе имаат склучено договор за претстојната сезона за чистење на снег. Во договорот се предвидени: видот и обемот на работите кои треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците и локалните патишта во општина Пехчево, во зимски услови за претстојната 2021/2022 година.

ЈКП организира редовна приправност со потребна опрема, алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови. Одговорните



Created with
PDFBear.com

работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани. Се врши набавка, обезбедување, чување и складирање, како и растурање на сол, ризла, песок и други материјали. Исто така се врши подготовка на возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:

- со сеалка приклучена на трактор врши посипување на сол и песок за отстранување на голомразица од коловозните површини;
- води целосна документација за зимската служба и изготвува распоред на лица за приправност;
- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

Други учесници вклучени во реализација на програмата:сообраќајна полиција, ЕВН, претпријатија чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (бензинска пумпа, паркинг и сл) превземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразица од овие објекти и простории пред нив, претпријатија, училишта, корисници на деловни згради простории, граѓаните - станари го чистат снегот и голомразицата од тротоари и приодни места пред своите објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, а исчистениот снег се собира пред стамбените и деловните објекти на начин што ќе се обезбеди непречен сообраќај. Коловозните површини за оспособување на ниво на општина се 31.80 км и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, со точно дефинирани приоритети при одржувањето , а посебно водејќи сметка за критичните точки во општината.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на снежни врнежи до 10 см. (прва состојба на готовност);
- состојба на снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавува потребата од чистење на јавните површини по барање на органите на општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната маниестација а по претходен договор со него.

Овие работи се извршуваат надвор од активностите планирани со програмата.

Во 2022 година, ЈКП Комуналец ќе се ангажира и во расчистување на отпадот од јавните површини (градежен шут, земја, гранки и др.) што го оставаат неодговорни и несовесни граѓани кои одлагаат ваков вид на отпад на слободните јавни површини низ општината.За извршувањето на програмски предвидените задачи ќе бидат користени:



Created with
PDFBear.com

еден трактор,машина ЈЦБ ровокопач, моторна пила, хидрантски црева и гарнитура од соодветен алат (лопати, копачи, гребла, макази за кроење, секири, тесли, клешти, метли, рачни колички, вреќи за складирање на смет и др.

Со оваа програма предвидено е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на општина Пехчево, во вкупна должина од 31.80 км, т.е. асфалтирана површина од 21 $км^2$ тампонирана површина (бехатон и травертин) 10.80 $м^3$ - плоштад, кеј и тротоари.

Финансирањето на активностите предвидени со оваа програма ќе се вршат со средства предвидени во Буџетот на општина Пехчево.

Цените за чистење на снегот во зимски услови се утврдени во договорот склучен од ЈКП и Општина Пехчево.

Вкупниот број на интервенции за расчистување на снегот и мразот од улиците, патиштата, тротоарите и др. во зимската сезона 2021/2022 ќе зависи од обемот на снежните врнежи, при што бројот на интервенциите ќе биде соодветно утврден и определен.

**Отпочнати активности**

- Преку проектот EDAMS е завршена имплементација на нова сметковоствена програма ,која ќе ни овозможи побрз и попрегледен пристап до сметковдствено - аналитичките податоци, читање на водомери со соодветна програма инсталирана на мобилен апарат,брзо ,ефикасно и современо работење.
- Следува изработка на подземен катастар на водоводна и канализациона мрежа во соработка и договор со Општина Пехчево.

ЈКП Комуналец Пехчево
Директор
Борис Поповски

Декември, 2021
Пехчево





Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на**
**Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/3
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,,-Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година бр. 05-683/1 од 21.12.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-130/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 05-683/1
21.12.2021 год.
ПЕХЧЕВО

ЈКП Комуналец Пехчево

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО

Ул.Јулија Веселинска бр 40 2326 Пехчево Р.С.Македонија

Тел 00389 033 441 159

e-mail jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари..........................50 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација........................ 7 500 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација.........................4 500 000
4.Приходи од ѓубре од физички лица......................................................2 000 000
5.Приход од ѓубре правни лица ...............................................................1 300 000
6,Приход од одржување на гробишта.........................................................670 000
7.Приход од користење комунална инфраструктура на гробишта..............30 000
8,Приход од продажба на гробно место.......................................................200 000
9.Пазаришна такса и резервации..................................................................200 000
10.Прих.од граѓани за извршени услуги за водовод и канализација...........70 000
11.Приход од градежни машини.....................................................................400 000
12.Чистење на тротоари и други јавни површини и одржување на паркови и зеленило.......................................................................................................800 000
13.Улично – услуга.........................................................................................100 000
14.Приходи од наплата на долг по основ на отужување и судење............400 000
15. Приходи од зимско одржување ..............................................................150 000
16, Приход од наплата на адвокатски и нотарски трошоци .......................200 000
17. Приход од поврат на средства од извршени здравствени услуги на вработени....................................................................................................120 000

---

**Вкупно планирани приходи = 18 690 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1. Канцелариски матерјали.........80 000
2. Резервни делови и поправка на возила .........100 000
3. Трошоци за обештетување по погреб.........140 000
4. Резервни делови за водовод и канализација.........350 000
5. Набавка на ситен инвентар .........100 000
6. Набавка на хлор.........250 000
7. Алуминиум сулфат.........40 000
8. Вар.........10 000

**Вкупно =1 070 000,00**

### Трошоци за енергија

1. Електрична енергија.........800 000
2. Огревно дрво.........80 000
3. Нафта и бензин.........1 000 000
4. Уље и сл.........100 000

**Вкупно =1 980 000 ,00**

### Други трошоци

1. ПТТ услуги за наплата на сметки на вода од граѓани.........50 000
2. Трошоци за телефон.........180 000
3. Трошоци за интернет услуги.........12 000
4. ХТЗ опрема.........200 000
5. Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец.........50 000
6. Трошоци за испитување и анализа на вода.........130 000
7Трошоци за компјутерско одржување .........30 000
8. Регистрација на возила.........80 000
9. Трошоци за членови на Надзорен одбор и У.О.........80 000
10. Дневници .........40 000
11. Репрезентација.........80 000
12. Прехрамбени производи и сретства за хигиена.........30 000
13. Банкарски услуги.........20 000
14. Премии за осигурување на имот.........20 000
15. Камати.........200 000
16. Судски такси.........20 000
17. Бруто плати.........9 800 000
18. Амортизација.........1 350 000
19. Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ.........1 000 000
20. Дреарски и браварски услуги и вулканизер.........200 000
21. Електротехнички услуги и поправка на електрични апарати.........30 000
23. Трошоци за Адвокат и Нотар.........200 000
24. Средства за реконструкција на дел од водоводната мрежа.........150 000

25.Трошок за исплата на здравствени услуги на вработени........................120 000
26,Реновирање на помошни простории........... ..............................................150 000
27. Сервисирање и баждарење на водомери..................................................50 000
28. Сервис на машина JCB .........................................................................250 000
29, Сервис на камион за смет......................................................................200 000
30, Сервис на трактор ................................................................................100 000
31. Трошок за уплати по Спогодби (УЈП, ЈЗУ и Фонд за води)....................730 000

**Вкупно =15 552 000,00**

**Вкупно планирани трошоци 18 602 000 .00**

ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ" – Пехчево
ДИРЕКТОР
БОРИС ПОПОВСКИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/4 Градоначалник на
28.01.2022 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година бр. 09 - 684/1 од 21.12.2021 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-131/1 Совет на општина Пехчево
28.01.2022 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 09-684/1
21.12.2021 год.
ПЕХЧЕВО

## ЈКП „Комуналец„ – Пехчево

Врз основа на член 75 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019), Директорот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево на ден 21.12.2021 година донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН
## За јавни набавки за 2022 година

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 1 | Моторни бензини и дизел гориво | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.000.000,00 | Март | |
| 2 | Канцелариски материјали | 22800000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јануари | |
| 3 | Натриум хипохлорит NaOCl, алуминиум сулфат, хидратна вар за прехрамбена индустрија | 24900000-3 | Стоки | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Јануари | |
| 4 | Моторни масла и антифриз | 09211000-1 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Февруари | |
| 5 | Фасонски делови | 44160000-9 | Стоки | Набавка од мала вредност | 350.000,00 | Јануари | |



Created with
PDFBear.com

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Прехранбени производи и средства за хигиена | 15000000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 30.000,00 | Февруари | |
| 8 | ХТЗ опрема | 18100000-0 | Стоки | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Мај | |
| 9 | Огревно дрво | 03410000-7 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јули | |
| 10 | Гуми за возила | 34350000-5 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,000 | Март | |
| | | | | | | | |
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 1 | Електрична енергија | 09300000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 800.000,00 | Јануари | |
| 2 | Одржување и сервис на возила (со резервни делови) | 50200000-7 | Услуги | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Февруари | |
| 3 | Услуги од агенција за привремени вработувања | 79000000-4 | Услуги | Набавка од мала вредност | 250.000,00 | Јануари | |
| 4 | Дреарски и заварувачки услуги со материјали | 42660000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Јули | |
| 5 | Сервисирање и баждарење на водомери | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 50.000,00 | Мај | |
| 6 | Осигурување на имот и основни средства | 66000000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност | 20.000,00 | Јуни | |
| 7 | Анализа на вода за пиење (мала анализа) | 85140000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 130.000,00 | Февруари | |
| 8 | Сервис на ЈЦБ | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 250.000,00 | Март | |
| 9 | Редовен сервис на трактор | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала | 100.000,00 | Мај | |

Created with
PDFBear.com

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вредност | | | |
| 10 | Сервис на камион за отпад | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Мај | |
| 11 | Електротехнички услуги и поправка на електрични апарати | 31000000-6 | Услуги | Набавка од мала вредност | 30.000,00 | Јули | |
| 12 | Изработка на Елаборат за заштитна зона на Пехчевска Река | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 400.000,00 | Март | |
| 13 | Регистрација и осигурување на возила | 71631200-2<br>66510000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Март | |
| 14 | Услуги за мобилна, фиксна телефонија и интернет | 6400000-6 | Услуги | Набавка од мала вредност | 180.000,00 | Декември | За Договор за 2 (две) години |
| 15 | Реновирање на помошна просторија | 4500000-7 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Април | |
| | III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи | | | | | | |

ЈКП „Комуналец" Пехчево
Директор
Борис Поповски__________

Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/5
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 год. до 30.09.2021 год.

**Член 2**

Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 год. до 30.09.2021 год. бр. 01-682/1 од 21.12.2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-132/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



Created with
PDFBear.com

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-682/1
21.12.2021 год.
ПЕХЧЕВО

# Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" -Пехчево

## ОД 01-01-2021 до 30-09-2021 ГОДИНА

ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр.40
email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

Created with
PDFBear.com

VOVED

Analizata na finansikite izve{tai ima za cel da ja proceni efikasnosta i performansite na pretprijatieto, da gi potencira slabostite i silnite strani na raboteweto i da napravi prognoza na idnite perspektivi na raboteweto na pretprijatieto. Glavna cel e obezbeduvawe na korisni informacii za korisnicite na finansiskite izve{tai da im pomogne da se predvidi godi{nata finansiska sostojba i rezultatite od raboteweto vo idnite periodi. Sekoj izve{taj sodr`i pokazateli od tekovnata godina, sporedeni so istiot period prethodnata godina.
Izve{taite se izgotveni vo soglasnosт so zakonot za trgovski dru{tva, MSS, MSFI i smetkovodstvenite politiki na pretprijatieto. Finansiskite izve{tai treba objektivno da ja prezentiraat finansiskata sostojba i finansiskoto rabotewe.
Za taa cel se izgotveni pregledi za site pova`ni ekonomski pokazateli so soodvetni indikatori koi }e ovozmo`at realna slika za finansiskoto rabotewe na JKP "Komunalec" Peh~evo vo ovie devet meseci.

### *1.1. Биланс на успех*

| | | | Биланс на успех |
|---|---|---|---|
| Р.број | | 2021 | 2020 |
| 1 | ***Приходи од работење*** | **11.715.381** | **10.833.506** |
| 2 | Приходи од продажба | 11.715.381 | 10.833.506 |
| 3 | Останати приходи | | |
| 6 | ***Расходи од работењето (7+8+13)*** | **11.618.321** | **11.081.877** |
| **7** | **Трошоци за суровини, материјали и трош.за вработени** | **10.778.105** | **10.240.729** |
| **8** | **Набавна вредност на продадени стоки** | **10.216** | **41.148** |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали | | |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | | |
| 11 | Останати трошоци на работењето | | |
| 12 | *Трошоци за вработени* | 7.146.326 | 7.012.094 |
| 12.а | Плати и надоместоци на плати | 4.784.251 | 4.677.793 |
| 12.б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 339.433 | 328.934 |
| 12.в | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 2.022.642 | 2.005.367 |
| 12.г | Останати трошоци од вработените | | |
| | | | |
| **13** | **Amortizacija na materijalni sredstva** | **830.000** | **800.000** |
| 14 | Останати расходи од работењето | | |
| | | | |
| | ***Финансиски приходи*** | **11.715.381** | **10.833.506** |
| | ***Финансиски расходи*** | **11.618.321** | **11.081.877** |
| 15 | Добивка од редовно работење пред оданочување | 97.060 | |
| 16 | Загуба од редовно работење пред оданочување | | 248.371 |
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активностите:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки – Пехчево), Полициска станица од општа наделжност – Берово – Канцеларија во Пехчево;
    - **Период на одржување на активноста:** 17 Ноември 2022 година;
    - **Очекувани резултати:** Организирање на едукативна настава за учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и учениците од ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки - Пехчево) од страна на стручни лица од Министерството за внатрешни работи – Полициска станица од општа надлежност – Берово, канцеларија во Пехчево за правилата во сообраќајот и начинот на почитување на сообраќајните правила, со очекувани резултати дека децата ќе ја сватат суштината на предавањата и ќе го сватат начинот на нивното однесување во сообраќајот;
    - **Буџет:** /

- *Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник – Водици;*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** Црквата Св. Петар и Павле – Пехчево ( за одбележување на христијанскиот празник – Водици, со фрлање на светиот крст во водите на реката Писа ) и пукање на Новогодишен огномет на Новогодишната ноќ);
    - **Период на одржување на активностите:** на 31.12.2022 година и 19.01.2022 година;
    - **Очекувани резултати:** Успешно реализирање на огнометот на Новогодишната ноќ и доделување на награда за лицето кое ќе го фати светиот крст.
    - **Буџет:** 40.000,00 денари;



Created with
PDFBear.com

- *Баскерфест 2022 година;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** 12.07.2022 година;
  - **Очекувани резултати:** Да се збогати културната понуда во општина Пехчево со што би се привлекле поголем број на туристи за да го посетат нашиот град;
  - **Буџет:** 30.000,00 денари;

- *Топол културнен бран 2022 година;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОУ „Дом на културата „Јане Сандански“ – Пехчево, доколку културната активност треба да се организира во затворен простор, ќе биде искористена салата во домот на културата;
  - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културните активности, финансирани преку проектот Топол културен бран;
  - **Буџет:** 60.000,00 денари ( Средствата ќе бидат обезбедени од страна на Министерството за култура и дел од Општина Пехчево);

- *Бела ноќ – 2022;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Кафе бар „КИМ“ – Пехчево
  - **Период на одржување:** август 2022 година;
  - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културната активност.
  - **Буџет:** Буџетот на културната манифестација „Бела ноќ“ е обезбеден од страна на Кафе бар „КИМ“;
  - **Општина Пехчево –** учествува со отстапување на просторот пред Кафе бар „Ким“ – Пехчево на Плоштадот во Пехчево;

- *Пехчево на точак – 2022 година;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Хотел Гогов;
  - **Период на одржување:** Мај 2022 година
  - **Очекувани резултати:** Поголем број на учесници од нашата држава и од соседните земји, кои со велосипед ги запознаваат убавините на градот Пехчево и околината и промоција на општината во државата и надвор од неа.
  - **Буџет:** 10.000,00 денари;



Created with
PDFBear.com

- *Off Road – убавините на Пехчево;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Хотел Гогов;
    - **Период на одржување:** Мај 2022 година;
    - **Очекувани резултати:** Промоција на убавините на градот и привлекување на поголем број на туристи и учесници во оваа атрактивна туристичка и културна манифестација, преку која со џипови се вози и посетува планинскиот врв на Кадиица;
    - **Буџет:** 5.000,00 денари;

- *Проектирање на цртани филмови за деца на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле – Пехчево;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
    - **Период на одржување:** Јуни – Август 2022 година;
    - **Очекувани резултати:** Проектирање на најгледаните цртани филмови на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле за децата кои во тој период се во Пехчево и за посетителите на градот Пехчево како една културна манифестација и атракција за најмладата популација.
    - **Буџет:** 40.000,00 денари;

| **Финансирање на проекти од областа на културата за 2022 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | 1.630.000,00 денари |
| 2. | Одбележување на денот на пролетта и организирање на еко - ден | 10.000,00 денари |
| 3. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1-април – „Априлијада“ | 8.000,00 денари |
| 5. | Одбележување на големиот христијански празник - Велигден | 5.000,00 денари |
| 6. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 10.000,00 денари |
| 7. | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“ | / |
| 8. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 40.000,00 денари |
| 10. | Баскерфест 2022 година | 30.000,00 денари |
| 11. | Топол културен бран | 60.000,00 денари<br>( Средставата ќе бидат побарани од Министерството за култура) |
| 12. | Бела ноќ | / |
| 13. | Пехчево на точак – 2022 година | 10.000,00 денари |
| 14. | Off road – 2022 година | 5.000,00 денари |
| 15. | Проектирање на цртани филмови на платно | 40.000,00 денари |
| | **Вкупно:** | **1.848.000,00 денари** |



Created with
PDFBear.com

**4. Завршни одредби**

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе има потреба истите да бидат реализирани во текот на 2022 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Пехчево ќе изврши дополнувања на истата.

Бр.08-138/2
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/12 
28.01.2022 год. 
Пехчево

Градоначалник на 
Општина Пехчево 
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Сл.Весник на РМ" бр.6/12, 166/2014, 150/15 и 53/21) и член 44 од Статутот на општина Пехчево (Службен Гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а согласно Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) и Акцискиот план на општина Пехчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.08-1288/1 од 27.09.2019 година, (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.09/2019) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево**
**и работа на КЕМ за 2022 година**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, општина Пехчево има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Пехчево. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Пехчево како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи, а особено жртвите на семејно насилство и самохраните родители, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.



Created with
PDFBear.com

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2022 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.).

- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации.

- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Човекови права и родова еднаквост;
2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;
3. Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените;
4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во општина Пехчево;



Created with
PDFBear.com

| Проблеми/ризици | Облици на делување | Програма/проект | Времетраење<br><br>Денови/месеци | Буџет на проектот<br><br>Денари за една година | Одговорни за имплементација/Партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоволна запознаеност на советниците за еднакви можности и родова рамноправност кои произлегуваат од Законот за еднакви можности, Законот за заштита и спречување на дискриминација, Законот за работни односи, како и меѓународни документи кои се ратификувани од РСМ | Обука за советниците од Советот на општина Пехчево за еднакви можности и родова рамноправност | Програма за јакнење на капацитетите на локално ниво на жените во општина Пехчево | Септември – Декември 2022 година | Буџетот ќе зависи од видот на обуката и нема да биде на товар на Општина Пехчево | Координатро за еднакви можности, Заменик координатор за еднакви можности, Членови на комисијата за еднакви можности | Меѓународни и домашни програми и организации кои работат на родова рамноправност | Зголеме степен на знаење на советниците за родовата рамноправност |
| Зголемен број на случаи на насилство ( булинг) меѓу учесниците во основните училишта | Едукативни предавања | „Биди другар, а не насилник – почитувај ги вредностите на другите“ | Септември – Октомври 2022 година | Не се потребни финансиски средства | Општина Пехчево и Невладини организации во Пехчево за обезбедување на печатени материјали ( прирачници ), ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево | Не се потребни извори на финансирање | Број на ученици кои имаат посетено обука за булинг |
| Функционирање на Локално координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Пехчево | Редовно одржување на состаноци на ЛКТЗД за планирање и реализирање на активности на телото и разгледување на претставки од граѓани за случаи на дискриминација | „Пехчево – општина без дискриминација“ | Јануари – Декември<br><br>2022 година | Не се потребни финансиски средства | Членови на ЛКТЗД | Не се потребни извори на финансирање | Записници од одржани состаноци на ЛКТЗД<br><br>Број на поднесени претставки до ЛКТЗД |
| Непостоење на локален план за заштита од дискриминација за 2022 година | Работни состаноци за изготвување на акциски план за заштита од дискриминација на Локлно координативно тело за заштитаод | Изготвување на Акциски план за заштита од дискриминација за 2022 година | Јануари – мај 2022 година | 20.000 денари | Членови на локално координативно тело за заштита од дискриминација | Буџет на општина Пехчево | Изготвен Акциски план за заштита од дискриминација на Општина Пехчево за 2022 година и процент на реализирани активности од |



Created with PDFBear.com

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дискриминација на Општина Пехчево | | | | | | акцискиот план |
| Недоволна запознаеност на младите од училиштето во општината со опасностите од сексуално преносливите болести | Анкета за познавањата на младите за СПБ, предавања за СПБ во училиштето, повторно акнкетирање | „Подигање на свеста на учениците за опасностите од СПБ во насока на превенција на истите“ | Октомври – Декември<br><br>2022 година | Изготвување на акетни листови, анкетирање и анализа на резултати<br><br>Предавање во училиштето од доктори од Здравен Дом Пехчево<br><br>Вкупно: 20.000 денари | Координатор за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за еднакви можности<br><br>Доктори од Здравен дом – Пехчево<br><br>Наставник по биологија од ООУ Ванчо Китанов Пехчево<br><br>Наставник по биологија од ОСУ Ацо Русковски Берово | Буџет на Општина Пехчево | Број на ученици кои се анкетирани и запознаени со ризиците од СПБ и превенција од нив |
| Недоволна координација на општинските служби за родова еднаквост | Состаноци на интерсекторска група на Општина Пехчево за родова еднаквост | Разгледување на Годишен буџет на Општина Пехчево<br><br>Годишни програми и извештаи на сектори и одделенија на Општина Пехчево како и на институции под надлежност на општината | Јануари – Декември<br><br>2022 година | Не се потребни финансиски средства | Координатор за еднакви можности и членови за еднакви можности | Не се потребни финансиски средства | Број на одржани состаноци<br><br>Број на разгледани програми и планови<br><br>Број на интервенции и сугестии во планови и програми |
| Непостоење на родово разделени статистички податоци од општински сектори, одделенија и институции во надлежност на општината и организирање на предавања за родова еднаквост во подрачните | Прибирање и поделба на податоци според пол и нивно тековно ажурирање во надлежност на општинската администрација | Родова статистика услов за родово одговорна општина | Јануари – Декември 2022 година | Не се потребни финансиски средства | Општинска администрација<br><br>Стручни служби од ООУ Ванчо Китанов Пехчево | Не се потребни финансиски средства | Воспоставен систем за прибирање на родово разделени податоци |



Created with
PDFBear.com

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| општински училишта | | | | | | | |
| Немање на доволно податоци за потребите и интересите на жените во областа на комуналната и урбанистичката инфраструктура и во областа на животната средина | Истражување за потребите и интересите на жените од областа на комуналната и урбанистичката инфраструктура и областа на животната средина | „Општината за жените“ | Јануари – Септември“ 2022 година | 20.000 денари | Ангажирање на лица за изготвување и спроведување на анкета и анализа на добиените резултати | Буџет на општина Пехчево | Изготвена анкета, број на анкетирани лица<br><br>Изготвени табели со приоритети и предлози |
| Недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на наетипични образовни профили | Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили | „Каде се гледам по основното образование„ | Мај 2022 година | Не се потребни финансиски средства | Ангажирање на професори од средните училишта за промовирање на различните пофили | Не се потребни финансиски средства | Зголемен процент на запишани ученици од помалку застапениот пол во одредена струк |
| Поголема изложеност на стрес во време на Корона кај самохраните родители | Оганизирање на вежби за ослободување од стрес во приорода | „Ослободи се од стресот“ | Март – септември 2022 година | 20.000 денари | Координатор за еднакви можности<br><br>Заменик координатор<br><br>Членови за еднакви можности<br><br>Меѓуопштински центар за социјални работи | Буџет на општина Пехчево | Број на организирани спортски активности и број на присутни |
| Недостиг на знаења на самохраните родители на малолетни деца за користење и работа со алатките за електронско | Помагање на самохрани родители за користење на алатки за он – лајн настава за следење | „Запознај ги ИТ алатките за он – лајн предавања“ | Септември – јуни 2021/2022 | Не се потребни финансиски средства | Координатор за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за | Буџет на Општина Пехчево | Број на обучени |



Created with
PDFBear.com

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| следење на настава | и помош на своит деца | | | | еднакви можности | | |
| Недостиг на знаења од областа на дискриминацијата | Кампања за превенција од дискриминација | Превенција од дискриминација | Март – Декември | 20.000 денари | Членови на локално координативно тело за заштита од дискриминација | Буџет на општина Пехчево | Изработен промотивен материјал |
| | | | | **ВКУПНО: 100.000 денари** | | | |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Пехчево.

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2022 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Пехчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку одделение за правни, општи работи и јавни дејности при Општина Пехчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево“.

Бр.08-139/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на туризмот за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на туризмот за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/13
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 30 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево“ бр.03/2021), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Пехчево за 2022 година во областа на туризмот**

**<u>Поттикнување на развојот во туризмот</u>**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата. Со стратешкото планирање и развојот на туризмот во Општина Пехчево, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Стратешки проиритети**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е во согласност со Стратегијата за развој на туризмот во општина Пехчево како и нејзините акциони панови аа имплементација на истата, исто така е и во согласност со стратешките документи за развбој на туризмот во Република С Македонија и е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешките документи на општината и усвоените приоритети:

- Дефинирање на туристичкиот производ и понуда, нивна промоција и презентација,
- Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
- Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,
- Утврдување на Пехчево како сериозна туристичка дестинација
- Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)



Created with
PDFBear.com

Согласно новите ингеренции на локалната самоуправа со процесот на децентрализација во областа на туризмот, во надележност на градоначалникот е водење на регистар на приватни сместувачки капацитети од мал обем. Преку одделението за ЛЕР ќе направат разни активности за евиденција, регистрација и категоризација на сместувачките капацитети од мал обем.

**Промоција на туристичката понуда**

Промоција на туристичката понуда на Пехчево и регионот ќе се врши преку електронските и печатени медиуми, учество во радио и тв емисии, поставување на банери на туристички портали и поставување на соодветна сигнализација. Промоцијата ќе се врши и преку изработка на промотивни печатени материјали и учество на саеми. Во рамки на стратешките определби за развој на зимскиот туризам, а со тоа и на севкупниот економски развој на туризмот, општина Пехчево има потреба од изградба на дополнителни рекреативни и спортски содржини за збогатување на турисчката понуда особено на централното градско подрачје, место викано Керамидница (Панорама и Езерце), туритичкиот локалитет Равна река и археолошкиот локалитет Св. Петка. Развојот на туризмот е една од основните стратешки определби, со изградбата на нови содржини и понуди за алтернативен туризам како и туризмот во екстремните спортови и одредени содржини за зимски спортови на планината Влаина ќе се овозможи економски раст на општината која и сега има препознатлив имиџ на туристичка дестинација. Сите овие процеси за збогатување на понудата, продолжување на сезоната со нови туристички содржини се очекува да овозможат отворање на нови работни места во општина Пехчево.

Во соработка со државните и општествено одговорни компании ќе се направат презентации за поттикнување на инвестиции со фокус на планината Влаина за изградба на патеки за зимски спортови, набавка на ски лифт, опрема за производство на вештачки снег со инсталација на систем од топови за производство на снег, возило за уредување на снегот (т.н. ратрак) и целокупна опрема за функционирање и опслужување ќе биде лоцирана во на планината во подножјето на врвовите Кадиица и Буковик. Како и изградба на платформа за полетување на параглајдери од врвот Буковик со поглед накај градот. Една од поновите гранки во туризмот е и ловниот туризам, за оваа гранка општина Пехчево ќе поттикне додоелување на две концесии за ловишта кои се во атарот на општината и тоа ловиште Сараево за крупен дивеч и ловиште Чифлик кое е за ситен дивеч, исто така и пронаоѓање на инвеститор за реконструкција на планинарскиот дом и ставање во функција, со ова ќе се овоможи развој и на оваа гранка. Средствата за изградба на рекреативно спорстката содржини кои ќе бидат нова туристичка понуда ќе бидат обезбедени по пат на учество на разни повици за меѓугранична соработка повици од државни институции и фондови, донации и инвестиции во туризмот од приватниот сектор и јавно приватно партнерство.

**Ставање во функција на Туристичко информативниот центар за 2022год**

- ТИЦ во согласност со Стратегијата за развој на туризамот во општина Пехево и акционите планови за имплементација на истата треба да понуди поголема достапност на информации за туристичките локалитети во Пехчево и да промовира потенцијали за инвестиции во туризмот во општина Пехчево, различна поддршка и промоција за издигнување на потенцијалите за различните видови на туризам, како и зајакнување на институционалните и човечките капацитети за развој на туризмот во Пехчево.

**Таргет групи за користење на услугите:**

- Туристите и потенцијалните туристи кои го посетуваат Пехчево, неговите природни убавини и туристичките локалитети;
- Туристичките агенции
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република С Македонија
- Локалниот бизмис сектор и потенцијалните инвеститори
- Локалното население
- Учениците од основни, средни училишта и факултетите;
- Здруженија и организирани групи;



Created with
PDFBear.com

Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои преку меѓусебна соработка допринесуваат за организиран пристап на туристичкиот пазар.

Институционалната мерка и конкретни проекти несомнено ќе ја одразат посветеноста и ангажираноста на стручниот кадар во насока на подобрување на квалитетот на туризмот и пораст на локалниот економски бенифит на учесниците во туристичкиот сектор и подигнување на квалитетот на живот за жителите на Општина Пехчево.

Непосредното учество на релевантните фактори од сферата на туризмот, во процесот на планирање на програмата, претставува основа за создавањето на изворната слика за местото, имиџот и комплетниот туристички производ кој треба да се понуди на туристичкиот пазар. Преку заеднички напори кои овозможуваат создавање на заедничка визија ќе се идентификува широк спектар на активности и ќе иницираат создавање на здрава основа врз која ќе се планираат понатамошните активности, а сето тоа ќе допринесе за мултиплицирање на бројот на гости и задоволни посетители.

Општина Пехчево се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија со површина од само 206км2. Оваа општина е една од најатрактивните туристички локации во источниот дел на нашата држава. Популарноста се должи на природните убавини, незагадената животна средина и здравата традиционална храна, што ја нуди оваа локација на посетителите. Општина Пехчево како чиста и незагадена рурална средина, окаректизирана со уникатни природни реткости препознаени како национален ресурс за развој на алтернативниот и планински туризам.

**Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Пехчево го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности. Ова Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Пехчево".

**Буџет**

Буџет предвиден за реализација на годишната програма за развој на туризамот во општина Пехчево за 2022 годин

| Активност | временски рок во 2022 | буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | Јануари - Декември | 153.000,оо |
| Промоција на туристичката понуда | Февруари - Декември | 620.000,оо |
| Промотивен материјал (билборди, банери,брошури, флаери, мапи и друг рекламен материјал) и изготвување на веб страница и нејзино одржување | Јануари - Декември | 782.000,оо |
| Поставување на туристичка сигнализација | Јануари - Декември | 650.000,оо |
| Промоција на потенцијали за јавно приватно партнерство | Јануари - Декември | 186.000.оо |
| Вкупно | | 2.931.000.оо |

Бр.08-140/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучок за не усвојување на**
**измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/14 — Градоначалник на
28.01.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 30 став 1 точка 1 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и Заклучокот од Комисијата за статут и прописи бр. 08-66/2 од 28.01.2022 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**За не усвојување на измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево не го усвојува предлогот за измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево, доставен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр. 08-66/1 од 17.01.2022 година.

Член 2

Во Буџетот на општина Пехчево нема предвидено финансиски средства и соодветни просторни услови за поставување на јавен видео надзор достапен за граѓаните и сите заинтересирани лица, преку пренесување во живо на веб страницата на Општина Пехчево www.pehcevo.gov.mk.

Член 3

Се до моментот на обезбедување на соодветни просторни и финансиски услови, секое заинтересирано лице може да присуствува на седниците на Советот на Општина Пехчево.



Created with
PDFBear.com

Член 4

Се задолжува градоначалникот на Општина Пехчево да ги обезбеди горенаведените потребни услови за пренесување на седниците преку видео надзор достапен за граѓаните.

Член 5

Се до исполнувањето на условите, седниците на советот продолжуваат да се одржуваат како што биле одржувани и претходно.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-141/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/15
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16 и 142/16) и член 30 точка 7 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвои Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година, е во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила 8 дена по донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-142/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на Република Македонија „ бр. 17/11, 53/11, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.03/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 28.01.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО**

**СОПСТВЕНОСТ НА РСМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

***Општ дел***

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл. весник на Република Македонија бр.59/2013 година), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува: право на градење на земјиштето, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште. Одлуката за стекнување на сопственост на градежното земјиште во атарот на Општина Пехчево, донесува Советот на Општина Пехчево.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија. Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес и го врши општината.

Градежното земјиште може да биде изградно и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на грдежната парцела.

Уредно градежно земјиште е земјиштето опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план и урбанистичка планска документација.



Created with
PDFBear.com

На територијата на Општина Пехчево, се стационирани седум населени места, Чифлик, Умлена, Негрево, Црник, Панчарев, Робово и Спиково и седиштето на општината Пехчево. Населените места Чифлик, Умлена, Црник, Панчарево и Робово се покриени со Урбанистичка документација за село, на претходно изработена УДНМ, а за населеното место Негрево постои само Општ акт за населено место, по кои согласно законските прописи се издава документација за градба, додека за населеното место Спиково не е донесена соодветна документација.

За градот Пехчево на сила е Генералниот урбанистички план од 1999 година и Детален Урбанистички план донесен во 1986 година. Во досегашниот период направени се парцијални измени и дополнувања на ДУП на Пехчево, како и поединечни измени со Архитектонско – Урбанистички проекти, во согласност со законските можности за измена на планот. Со Локална урбанистичка планска документација извршена е урбанизација на КП 2/7 со намена за откупно дистрибутивен центар за земјоделски производи.

За туристичката населба ,,Равна Река,, во атарот на Пехчево изработен е Генерален урбанистички план вон населено место од 2001 година , и донесен е Урбанистички план вон населено место за населбата во 2013 година. Локалитетот кој е предмет на изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место се изработува врз основа на постојниот Урбанистичкиот план вон населено место, донесен и усвоен со Одлука од Локалната самоуправа при општина Пехчево, заведена под бр. 07–1426/1 од 06.09.2013 год., а врз основа на издадената Согласност од Министерството за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот – Скопје, заведена под бр. 15-7491/2 од 30.07.2013 год., со тоа се створени условите за отуѓување на градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, кое се наоѓа во опфатот на оваа туристичка населба, а во функција на развојот на туризмот.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една или од повеќе катастерски парцели.

Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а преставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности, а објект од времен карактер е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, поставен до реализација на урбанистички план или урбанистичка планска документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Линиски инфраструктурен објект е јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод, продуктовод, топловод, водовод , канализација, телекомуникациски водови и други објекти, кои можат да бидат подземни или надземни и преставуваат градби од јавен интерес утврдени со закон.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), да се даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.



Created with
PDFBear.com

***Просторен опфат и предмет на Програмата***

Предмет на Програмата е менаџирање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Пехчево, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарската 2017 година.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп на градежното земјиште, изработена е мапа на општината со локации на државното градежно земјиште.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои се издава одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следниве населени места и локалитети:

1. Пехчево;

2. Чифлик;

3. Умлена;

4. Робово;

5. Негрево;

6. Панчарево;

7. Црник;

8. Локалитет ,,Равна Река,,;

9. УП на повеќе локалитети, за туристички и производни комплекси;

- Населените места - Панчарево со усвоена Урбанистичка документација за село на претходно изготвена УДНМ;
- Населеното место – Негрево, со донесен Општ акт за населено место;
- Населено место-Чифлик, Робово, Умлена , Црник и Соиково соУПС (урбанистички проект за село )
- За градот Пехчево на сила е Генералниот урбанистички план од 1999 година и Детален урбанистички план донесен во 1986;
- Урбанистички план вон населено место за туристичката населба "Равна Река" во 2013 година;



Created with
PDFBear.com

- Локална Урбанистичка Планска Документација – ЛУПД, на повеќе места во опфатот на Општината, каде со овој начин на урбанизација, се влезени и делови од околно државно земјиште, изработени за повеќе туристичко стопански комплекси, како и комплекси за производствени дејности.

***Основи за изработка на програмата***

***Законски основ***

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011 од 11.02.2011).

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Туристичко акционо планирање (ТАП)** за општините Берово, Пехчево и Делчево, односно за регионот Малеш – Пијанец, за плански период од 2008 до 2017 година со главна цел: Развој на регионален плански туризам заснован од Визијата за туризмот: ,,Регионот Малеш – Пијанец – препознатлива чиста еколошка средина, со природни реткости, развиена туристичка инфраструктура со разновидна туристичка понуда и традиционална храна,,.
- **Програма за промоција и маркетинг на микро – регион Малеш – Пијанец (општини Пехчево, Берово и Делчево)**
- **Локален Акционен План за вработување (ЛАПВ) за општините Пехчево и Берово**
- **Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во општина Пехчево 2011 - 2015**
- **ЛАП РОМ - Локален Акционен План за Ромите 2005-2015**
- **Стратегија за рурален развој на општина Пехчево 2011-2015**
- **Стратегија за развој и унапредување на туризмот во општина Пехчево 2005-2015**
- **Генерален урбанистички план** на Пехчево донесен со Одлука бр.0701-85/1од 08.12.1999 година;
- **Детален урбанистички план на Пехчево,** донесен со Одлука бр. 08-800/1 од 26.03.1986 година.
- **Урбанистички планови за населените места и тоа:** Урбанистичка документација за селата: Чифлик, Робово, Умлена, Панчарево, Црник и Општ акт за населено место село Негрево.
- **Урбанистички план вон населено место за туристичката населба „Равна Река„ - Пехчево,** донесен со Одлука бр.07-1742/1 од 06.09.2013 година.

***Лица вклучени во изработка на Програмата***

**1. Николчо Станоевски** – Дипломиран Градежен инзенер, советник во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Раководител на проектнито тим за изработка на Програмата;

**2. Елица Јовевска** – Специјалист политиколог, Помлад соработник за техничка обработка на податоци за ЛЕР во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР – член на проектниот тим;

**3**. **Марија Ризовски** – Помлад соработник за административни работи во Одделението за човечки ресурси – член на проектниот тим;



Created with
PDFBear.com

## ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА

***1. Цели на програмата***

- **Општи цели на Програмата:**

а) Обезбедување на услови за социо – економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој на населените места.

- **Конкретни цели на Програмата по население места, урбани блокови и локалитети:**

а) Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на предвидената дејност можат да ја реализираат својата потреба, согласно усфоената урбанистичка документација за населените места, а со тоа да придонесат за развој на своето населено место, преку користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

***2. Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)***

- **Листа на градежни парцели** што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место или локалитет;
- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање** во тоа населено место или локалитет, идентификувани со број на градежните парцели;
- **Детален преглед на градежните парцели** (групирани по превидена активност);

**А) Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

***Табела со следните информации:***

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастерските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина на градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коифициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.

1. Табеларен преглед со нумерички показатели на ниво на градежни за туристичка населба Равна река, Пехчево

**Урбанистички план вон населено место за туристичкиот локалитет “Равна река” - Пехчево**



Created with
PDFBear.com

**Обем и преглед на градежното земјиште кое е предмет на програмата**

**Листа на парцели – предмет на јавно наддавање**

**ТАБЕЛА**

**БЛОК 10**

| Broj na parcela i objekt | Povr{ina na parcela | Mah. povr{ina na gabarit m2 | Mah. vkupna pov. po eta`i m2 | Broj na parking mesta | Vid na parkirawe | Klasa na namena | Mah. visina do venec m' | Spratnost | Kompatibilna klasa na namena |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 10.01 | 378.97 | 100.09 | 200.18 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.02 | 305.68 | 97.05 | 194.10 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.03 | 314.06 | 90.49 | 180.98 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.04 | 328.85 | 102.23 | 204.46 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.05 | 383.07 | 87.87 | 175.74 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.06 | 360.57 | 100.21 | 200.42 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.07 | 359.82 | 100.21 | 200.42 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.08 | 360.75 | 62.29 | 124.58 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.09 | 392.81 | 89.10 | 178.20 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.10 | 299.90 | 73.19 | 146.38 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.11 | 313.70 | 73.19 | 146.38 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.12 | 382.08 | 100.72 | 201.44 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.13 | 386.30 | 100.37 | 200.74 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.14 | 401.31 | 73.19 | 146.38 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.15 | 388.44 | 90.15 | 180.30 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.16 | 353.33 | 80.28 | 160.56 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.17 | 412.34 | 90.02 | 180.04 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.18 | 403.29 | 96.28 | 192.56 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.19 | 519.22 | 90.00 | 180.00 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.20 | 451.15 | 102.43 | 204.86 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.21 | 459.30 | 104.28 | 208.56 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.22 | 511.65 | 100.87 | 201.74 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.23 | 576.70 | 108.38 | 216.76 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.24 | 558.09 | 107.36 | 214.72 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |
| 10.25 | 1,384.69 | 120.00 | 240.00 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% |



Created with
PDFBear.com

*Potrebniot broj na parking mesta }e se opredeli soglasno ~len 61od Pravilnikot za standardi i normativi za urbanisti~ko planirawe, (Sl. vesnik na RM, br. 63/12, 126/12 i 19/13).

**ТАБЕЛА**

**БЛОК 9**

| Broj na parcela i objekt | Povr{ina na parcela | Mah. povr{ina na gabarit m2 | Mah. vkupna pov. po eta`i m2 | Broj na parking masta | Vid na parkirawe | Klasa na namena | Mah. visina do venec m' | Spratnost | Kompatibilna klasa na namena | Ponatamo{na postapka |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | | | | | | | | | |
| 9.02 | 405.37 | 90.00 | 180.00 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.03 | 390.46 | 90.07 | 180.14 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.04 | 348.57 | 90.15 | 180.30 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.05 | 314.96 | 90.25 | 180.50 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| | | | | | | | | | | |
| 9.07 | 345.98 | 70.00 | 70.00 | * | parc. | B1 | 4.00 | P | A1 do 20% | / |
| 9.08 | 240.40 | 70.00 | 70.00 | * | parc. | B1 | 4.00 | P | A1 do 20% | / |
| 9.09 | 250.99 | 70.00 | 70.00 | * | parc. | B1 | 4.00 | P | A1 do 20% | / |
| 9.10 | 272.55 | 55.80 | 55.80 | * | parc. | B1 | 4.00 | P | A1 do 20% | / |
| 9.11 | 8,539.52 | 6,891.27 | 6,891.27 | / | / | D3 | / | / | B1 do 10% | Arh-urb. proekt |
| 9.12 | 48.77 | 12.00 | / | / | / | E2 | / | / | / | / |
| 9.13 | 370.27 | 92.97 | 185.94 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.16 | 526.97 | 194.65 | 389.30 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.17 | 533.37 | 208.67 | 417.34 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.18 | 1,247.03 | 537.13 | 1611.39 | * | parc. | V5 | 10.20 | P+2 | B1;D1 do 10% | Arh-urb. proekt |
| 9.19 | 2,722.96 | 1,757.66 | 8788.30 | * | parc. | A4 | 15.20 | P+4 | B1;D3 do 20% | Arh-urb. proekt |
| 920 | 894.21 | 116.37 | 232.74 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.21 | 473.68 | 92.83 | 185.66 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.23 | 460.15 | 89.66 | 179.32 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |



Created with
PDFBear.com

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.26 | 456.84 | 88.37 | 176.74 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.27 | 364.46 | 82.98 | 165.96 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.28 | 311.84 | 84.24 | 168.48 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.29 | 305.10 | 84.24 | 168.48 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.30 | 310.01 | 84.24 | 168.48 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.31 | 327.54 | 81.00 | 162.00 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| | | | | | | | | | | |
| 9.34 | 420.56 | 72.41 | 72.41 | / | / | D3 | / | / | B1 do 10% | / |
| 9.35 | 490.40 | 157.63 | 315.26 | * | parc. | G2 | 8.20 | P+1 | B1 do 30%;G3;G4 do 49% | Arh-urb. proekt |
| 9.36 | 372.88 | 101.88 | 203.76 | * | parc. | A4 | 7.00 | P+1 | B1;D3 do 20% | / |
| 9.37 | 620.43 | 304.62 | 304.62 | / | / | D3 | / | / | B1 do 10% | / |
| 9.38 | 1007.4 | 224.06 | 224.06 | / | / | D3 | / | / | B1 do 10% | / |

*Potrebniot broj na parking mesta }e se opredeli soglasno ~len 61od Pravilnikot za standardi i normativi za urbanisti~ko planirawe, (Sl. vesnik na RM, br. 63/12, 126/12 i 19/13).

**ТАБЕЛА**

**БЛОК 8**

| Broj na parcela i objekt | Povr{ina na parcela | Mah. povr{ina na gabarit m2 | Mah. vkupna pov. po eta`i m2 | Broj na parking mesta | Vid na parkirawe | Klasa na namena | Mah. visina do venec m' | Spratnost | Kompatibilna klasa na namena |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
**7.** За изградба на деловни простории од групата на Г, Г1,Г,,,Г3 и Г4 ќе се ослободат сите од надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа за вработени 10 работни места ќе се ослободи 10%, за вработени 20 работни места ќе се ослободи 20% за вработени 30 работни места ќе се ослободи 30% за вработени од 40 работни места па нагоре ќе се ослободи 50%, за истото ќе се склучи посебен договор со инвеститорот за надоместокот, а до колку инвеститорот не ги исполни бараните услови спорот ќе се решава пред надлежен суд Берово.

- Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз осанова на новата корисна површина што ќе се гради, кој е збир на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација,помножени со следните коефициенти:

**НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти.

**1) Станбени објекти**

- станбени простории ---------------------------------.............. 1,0
- станбени простории со висина до 2,50м-----------.............. 0,2
- подлоѓија,затворена од две страни ----------------.............. 0,3
- лоѓија затворена од три страни --------------------.............. 0,4
- балкони , терас ---------------------------------------............... 0,2
-заеднички проодни тераси,пасажи ................................. 0,2
-помошни простории,остава за гориво,котлара,визба.........0,3
-трафостаница до 35кв во објекти и надвор од објекти...... 0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации ................. 0,3
-стражарници,управител,простории за одмор ....................0,5
-паркиралишта и гаражи .....................................................0,1

**2) Деловни, јавни и производни објекти**

- простории --------------------------------------------------------- 1.0
- магацини, настрешница ……..----------------------------------- 0.5
-помошни простории и остава остава за гориво,котлара.......0.3
- трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти---- 0.4
-скалишен простор и заеднички комуникации ................... 0,5
-паркиралишта и гаражи...................................................... 0,1



Created with
PDFBear.com

-лоѓија,затворена од три страни.......................................... 0,5
-подлоѓијазатворена од две страни .................................... 0,4
-балкони,тераси..................................................................... 0,3
-отворен наткриен простор................................................ 0,3

**3) Други објекти**

- катна гаража-------------------------------------------------------------------. 0,05
- спортски покриени објекти -----------------------------------------------. 0,5
- спортски откриени објекти ................................................................ 0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација........1,0
-отвопрени пазаришта за 30% од површина на локација ........... 1,0
-базени ......................................................................................... 0,2
-трафостаници . над 35кв............................................................. 1,0

**4) За објекти од групата на класи намени Г производсво,дистрибуција и сепвиси**

-Г1 тешка и загадувачка индустрија ............................................0,01
-Г2 лесна индустрија ...................................................................0,01
-Г3 сервиси ........................................................................... 0,01
-Г4 стоваришта ......................................................................... 0,05

**5) За бензинска пумпи станица и нејзини придружни содржини (продавници кафетарии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории)**

- продажни простории и бензински пумпни станици .............. 1,0
-услужни простории на бензински пумпни станици .............. 1,0

**6) за објекти од групата класи на намена Б5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, и за други групи накласи на намена А4 хотел.мотел.времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.**

- сите простории ....................................................... 0,05

**7) За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица**

- сите простории ..................................................... 0,05

**8) За објекти за високо образование**

- сите простории .................................................... 0,05

**9) За објекти за културата:**

- сите простории ................................................. 0,01

10) За објекти за терцијална здравствена заштита :

- сите простории .........................................................0,05

**11) Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се преметуваат површините на :**

- инсталациони канали
- окна на лифтови
- окна на врати
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство

## 5. ГРАНИЦИ ЗА ЗОНИ ВО ПОТЕСНИОТ ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАД ПЕХЧЕВО

Во зависнот од степенот на уреденоста на градежното земјиште, во границите утврдени со Урбанистичкиот план и ГУП на Пехчево, му ги дава на корисникот (положбата на земјиштето,сообраќајната поврзаност со центарот, снабденоста со комуналните објекти инсталации, рационалност и други околности од значење за користење на тоа земјиште), градежниот реон на



Created with
PDFBear.com

Пехчево се распоредува во три (3) зони и тоа **централно градско подрачје и вон централно градско подрачје и како зона на населени места.**

## ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Започнува од КП.БР: 2310 на Веселински Д. Јован ги опфаќа северните граници на парцелите по регионалниот пат Берово – Делчево се до Бензинската пумпа на АД „ Макпетрол„ Скопје од северната страна на оградата,оди по патот на север Пехчево Делчево се до спојот на ул. „Јулија Веселинска„ од таму тргнува на север по стариот пат на Симин рид до спојот на ул. „ Македонија„ од таму оди на исток по истата до раскрсницата на ул. „ Илинденска„ и ул. „ Мирче Ацев„ тргнува на исток по истата се до раскрсницата на ул. „ Гоце Делчев„ и ул. „ Ванчо Китанов„ од таму тргнува на југ по улица „ Ванчо Китанов„ ја сече ул. „ 18 Август„ и оди на југ сече „АРМ„ спрема ДУП на Пехчево, од таму тргнува на југ се до спојот на „ Ванчо Китанов„ и „8 Март„на запад оди по јужната страна на оградата на турските гробишта до спојот на источната страна на дворната ограда (граница на АД „ Бомекс рефрактори„ Пехчево) и старата фабрика за подни плочки скршнува на запад по дворната ограда ги заобиколува двете фабрики и се спојува на патот со „Равна Река„ од таму на север по границата на опфатот на ГУП на Пехчево ја заобиколува западната страна односно дворната ограда на фабриката „Напредок Пехчево , западната страна на старата фабрика „ Стаклара„ западната дворна ограда на сопственикот Кратевски Димитар и продолжува на север до спојот на пехчевска река, од таму тргнува на север се спојува со регионалниот пат на Пехчево Делчево и се спојува со почетната точка бензинска пумпа од каде почна зоната.

## ВОН ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Површината од градежниот реон што се наоѓа надвор од зоната на централното подрачје преставува вон централно градско подрачје

Површината определена со границите на градежниот реон во малото стопанство се прикључува во зоната како вонцентрално градско подрачје.

Површината надвор од градежниот реон на ДУП и ГУП се смета како зона населено место.

**Напомена: Проширувањето на ГУП во текот на 2022 година ќе влезе во зоната како Вонцентрално градско подрачје**

6**. Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на кое се руши стар објект и се гради нов објект инвеститорот ќе биде целосно ослободен од надоместок за уредување на градежно земјиште.

6.2 Надоместокот за уредување на градежното земјиште на градителите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурана мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на сретствата со кои учествувал градителот за односната мрежа, врз основа на доставен финансовски документ од изведувачот на работите, односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено, односно делумно е уредено, градителот на објекторт плаќа надоместок до висина на релните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6,3 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.



Created with
PDFBear.com

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од оделението за урбанизам до Оделението за комунални работи кој со градителот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.4 Плаќањето на надоместок за уредување на градежното земјиште може да се изврши одеднаш целата сума или на одложено на 12 месечни рати со 10% зголемен остатокот од комуналии и уплатена прва рата од 30% за добивање на Одобрението за градење.

6.5 За пренамена на станбена во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежното земјиште за станбен простор и надоместок за деловен простор.

6.6 Во уредување на градежното земјиште учествува општината, како и субјектите кои стопанисуваат со објеките на инфраструктурата.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи, како и таксите за приклучок ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурните мрежи.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметан со вредност на еврото од 61 денар за евро. При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваа износите на надоместоците и цените на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според курсот на Народна банка РМ .

6.8 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи во парцелата ( водовод, електричан мрежа,телефонска и други инсталации) паѓаат на товар на инвеститорот.

6.9 Трошоците за дислокација на потпорни зидови дворни огради помошни објекти изградени без одобрение а за потребите за реализација на Деталниот урбанистички план на Пехчево паѓаат на товар на сопственикот на градителот на објектите.

6.10 Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на општина Пехчево.

Бр.08-145/3
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на чл. 17, став 1, и член 17а став 1 од Законот за просторно урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 24/08 и бр. 91/09), и чл. 6, 7, 8, 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот за графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните урбанистички планови (Сл весник на Р.М. бр. 78/06) како и чл. 30 став 1 точка 5 и 6 од Статутот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево донесува:

# ПРОГРАМА
# За изработка на планови за Општина Пехчево за 2022 година

## I. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Изработка на нов Генерален план за Пехчево – (Измена и дополнување на Генерален урбанистички план на Пехчево).

## II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на Пехчево.
2. Изработка на нов ДУП за Пехчево,
3. Изработка на план за село за с.Панчарево
4. Изработка на план за село за с.Негрево
5. Изработка на ДУП за централно градско подрачје на Пехчево

## III. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Локалитет Ченгино Кале (Караула).
2. Изработка на план вон населено место за филтер станицата или изработка на УП
3. Зимски спортско рекреативен центар Кадиица (Сигнал,Гуштерица,Буковик).
4. Програма за изработка на УП (Лимев Гроб, Грозил , Подуево, Елата и Гаѓалница)
5. Изработка на план вон населено место на „Керамидница„.
6. Изработка на план вон населени места по потреба на инвеститори правни и физички лица.
7. Изработка на план вон населено место во месност Света Петка КО Чифлик
8. Изработка на планска документација по иницијатива на правни и физички лица со позитивно мислење на комисијата од урбанизам, вон населени места.

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Пехчево, од средства предвидени со Буџетот на општината, средствата предвидени во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на градот Пехчево, како и средствата од заинтересираните физички и правни лица и Министерството за транспорт и врски и од легализација на бесправни изградени објекти.

Бр.08-145/4
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

**ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево за 2022 година**

Во текот на 2022 година ЕЛС на Пехчево има планирано да од буџетските сретсва на општина Пехчево и делот обезбеден преку финансирањето од Републичкиот Фонд за магистрални патишта – Скопје, изврши градежни и други работи на локалните патишта и улици во општина Пехчево во висина од **52.981.000,00** денари и тоа:

1. **Изградба на улици и реконструкција на локални патишта**

Реконструкција на постојниот пат с Чифлик-с Умлена-с Робово .............. 9.000.000.00 ден.
Изградба на тротоари во Пехчево .................................. 1.520.000,00 ден.
Изградба на улица 22 декември со мост..........................................................2.500.000,00 ден.
Реконструкција на пат од регионален кон с Панчарево 4.300.000,00 ден
Изградба на улици во с Робово
Изградба на улици во с. Умлена ------------------- 4.500.000,00 ден
Изградба на ул.,БР.2, во Пехчево (Поп-Анастасов Јордан.................. 800.000,00 ден.
Изградба на пешачка патека ул. „ Гоце Делчев„ Пехчево...............................1.200.000,00
Изградба на патотот дел Равна Река –Ченгино Кале.................................... 1.800.000,00 ден.
Изградба на локален пат од Пехчево-филтер станица.....................................3.000.000,00 ден.
Зимско одржување на патишта и улици.........................................................,.. 350.000,00 ден.
Тековно одржување на патишта и улици ....................................................... 407.000,00 ден.
Изградба на локален пат до градска депонија ................................................ 8.240.000,00 ден.
Изградбана улица од реката до турски гробишта во Црник.......................... 3.060,000,00 ден.
Изградба на улица во Панчарево присоето..................................................... 1.200.000,00 ден.
Изградба на улица во Негрево гошевска улица............................................ 504.000,00 ден.
Изградба дел на локален пат бр.12 према „Спиково„ од Конар 2км................................
Асфалтирање на улици во Пехчево 1,5км. .................................................. 9.000.000,00 ден.
Костевски Атанас до бозаната...................................................................... 600.000,00 ден.
Костовски Атанас по андако до продавницата .......................................... 300.000,00 ден.
Изградба на улица бр 1 и 2 во село Црник ............................................. 500.000,00
Реконструкција на кеј пехчевска река..........................................................
Реконструкција на мост на негревска река (црцанов мост )....................... 200.000,00 ден.

**ВКУПНО: ............................................................ 52.981.000,00**

**Извори на финансирање:**

1. Биро за недоволно развиени подрачје и странски даноци;
2. Фонд за магистрални и регионални патишта;
3. Сопствено учество;

Бр.08-145/5
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

**ПРОГРАМА**
**За изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево за период 2022 год.**

**1. Водоводи**

Довршување на Таложник на филтер станица Пехчево.......... 1.600.000,00 ден
Зафат и довод во с. Панчарево (трајанова маала).................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на мрежа с. Црник.......................................... 2.000.000,00 ден.
Реконструкција на системот (жтако) во филтер станица..8.000.000,00 ден.
Изградба на нов Резервоар од 700м3 после прекидната комора пред филтер станицата.
Изградба на водоводна мрежа од разделната шахта на „Симин Рид„ до малото стопанство ,, Чуката,, и изградба на разводна водоводна мрежа во истата локациај (Чуката)
Изградба на водоводна мрежа од прекидна комора до пат Симин Рид и до мало стопанство кај Јовевски Благој.
Промена на водоводната мрежа ф160 од прекидна комора на филтер станицата до разделната шахта.
Реконструкција на зафатот на „ Виничка река„ во село Црник.
Промена на водоводната мрежа во село Црник од захватот на Виничка река и Чатал Чешма до Резервоар.
Модрнизација на филтер станица во Пехчево.

**Вкупно.............................................................................. 16.500.000,00 ден.**

**2. Канализација**

1.1 Робово пречистителна станица ....................................... 4.000.000,00 ден.
1.2 Умлена пречистителна станица....................................... 3.500.000,00 ден.
1.3 Доизградба на пречистителна станица во Црник ........... 1.500.000,00 ден.
1.4 Спојување на пречистителната станица во малото стопанство на ,,Чуката,, со колекторот на пехчевска река.
1.5 Приклучоците од зоните во индустриската зона да се спојат со колекторот на пехчевска река.
**Вкупно............................................................................ 15.000.000.00 ден.**

**2.1 Изградба на фонтана на Плоштад – Пехчево**
**2.2 Регулација на речно корито на Пехчевска река**
**2.3 Изградба на платфопрма над пехчевска река во центарот на Пехчево.**

**3. Проекти**

1.1. Проект за канализација с. Негрево...............................
1.2. Проект за Индустриска зона канализација Пехчево.........................
1.3. Проект за лев десен колектор Пехчево.........................
1.4. Проект за канализација во с. Панчарево............
1.5. Проект со хидранска мрежа во Пехчево........

Извори на финансирање
1. Министерство за транспорт и врски
2. Странски донации
3. Сопствено учество

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-145/6
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр.05/2002), член 15 од Законот за комуналните такси (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15) и член 30 став 1 точка 12 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 28.01.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево за 2022 година**

Согласно одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на Општина Пехчево, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2022 година. Односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финасирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување на општината.

Финасирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирање со Законот за комуналнте такси (Сл. весник на РМ. Бр. 61/04, 64/05, 92/07), според кој за користење и одржување на јвното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домачинства и 50 киловат час за трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши „ЕВН Македонија" КЕЦ Делчево и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево.

Бројот на иметелите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошачи и потрошачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Моментално на територијата на Општина Пехчево има регистрирано _____ броила, од кои ___ домаќинства и ___ трговски друштва. Мрежата за јавно осветлување се напојува од 35 трафостаница во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовно одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Равна река - електификација
- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијачно место
- Набавка и уградување на надземен кабел за проширување на мрежата
- Санирање и осветлување на кејот на пехчевска река.
- Поставување на нови столбови на улици (замена на дотраени и проширување намрежата за улично осветлување со нови арматури во Пехчево и населените места)

Во програмата за јавно осветлување за 2022 година се предвидува _______ денари сопствени сретства од кои за:

Јавно осветлување:

За тековната потрошувачка електрична енергија ---------- ден.

Изградба и санирање на јавно осветлување:



Created with
PDFBear.com

| | |
|---|---|
| За одржување на инсталација ........................... | ден. |
| Поставување на нови столбови на улици ....... | ден. |
| Доизградба на електрична мрежа во населбите...... | ден. |
| Набавка и опрема за одржување ................. | ден. |
| Барање согласност за приклучување како потрошачи... | ден. |
| Вкупно.......................................................... | ден. |

Во текот на 2022 година во Пехчево и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштита на електричната енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увид за согледување на состојбите, остранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржување на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напосни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде ,,ЕВН Македонија,, Кец Делчево. Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручно лице ангажирано во Општина Пехчево.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамиката на наменското користење на средствата ќе врши оделението за комунални работи и заштита наживотната средина.

Постепено заменивање на старите улични светилки со нови штедливи светилки.

1. Осветлување на Млекара Робово

Извори на финансирање:

2. Средстваа од граѓани за улично осветлување.
3. Сопствени средства.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-145/7
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавна чистота**
**во општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/19
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 12, став 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 30 став 1 точка 14 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево“ бр. 03/2021) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2022 година**

## I. Општи одредби

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Пехчево за 2022 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, динамика, начин на вршење на работите, одржување на постоечките и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите од Законот на јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување. Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на општината ќе го врши ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.



Created with
PDFBear.com

## II. Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите

• Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини секој работен ден ќе се врши на:

- градскиот плоштад ,,Свети Петар и Павле,, и улиците и тротоарите во централното градско подрачје.

• Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини еднаш неделно ќе се врши на:

- булевар ,,Равен,, , ул. ,,Јулија Веселинска“, ул.,,Индустриска“ до раскрсницата пред Полициската станица и влезот на колективните згради бр. 6 и бр.47 на ул. ,,Равен;
- кејот на рекатa Писа (кејското шеталиште во градско подрачје од мостот на ул. ,,18 август “до китанскиот мост;
- градското пазариште – (понеделник попладне);
- отворениот простор пред зградата на Стопанска банка, поштата и општината ;

• Одржување на јавната чистота со метење, косење, собирање на откосената трева, кастрење на гранки во парковите и на јавни површини континуирано ќе се врши на:

- останатите улици и тротоари во Пехчево ;
- парковите и зеленилото по тротоарите на сите улици во Пехчево и тоа: на патот Берово – Пехчево веднаш после бензинската пумапа на ,,Макпетрол,, паркот под патот кај триаголникот, зеленилото на влезот во Пехчево над патот кај триаголникот , паркот на влезот покрај булеварот ,,Равен“ и уличните тревници на булеварот, зеленилото помеѓу ул. ,,Гоце Делчев,, и ул. ,,Илинденска,, , зелената површина кај ЈЗУ Здравен дом ,,Иван Георгиев,,, зеленилото над градскиот пазар; пред маркетот на ,,КИТ – ГО,, во Пехчево, тревниците на плоштадот, тревникот пред црквата ,,Свети Петар и Павле ,,– континуирано.

• одржување на јавна чистота на паркингот на ул.,,7ми септември“, скалилата што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалиштето пред плоштадот .
• градските гробишта;
• паркот ,,Езерце,,;
• сите тротоарски тревници во Пехчево;
• туристичкиот локалитет ,,Равна Река,, - Пехчево.

ЈПК ,,Комуналец,, е должен да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови на улиците во Пехчево и главните улици по селските населби.
Чистењето на јавните и сообраќајните површини ќе се извршува преку ден.
Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во центарот со миење, во летниот период ќе се врши еден ден во неделата, а во зимскиот период, по потреба.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно во летниот период, а во зимскиот период по потреба.

Во останатите делови од градот, јавните површини ќе се мијат по потреба.

Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува ноќе или во часовите кога фрекфенцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална (од 16,30 до 18 часот и од 04 до 06 часот).

## III. Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли

За одржување на јавната чистота на јавните површини се поставени нови садови – контењери за селектирање на стакло и пластика кои треба редовно (континуирано) да се празнат и поставени се нови контењери за останатиот отпад.
Одржувањето на јавните санитарни јазли во близина на градското пазариште е во надлежност на ЈКП“Комуналец,,.
Со програмата се планира да се изградат нови санитарни јазли на локалитетот ,,Езерце,, на градскиот пазар и да се изврши реконструкција на санитарните јазли на игралиштето во туристичкиот локалитет ,,Равна Река,, - Пехчево.



Created with
PDFBear.com

**IV. Финансиски средства**
Висината на финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Пехчево, изнесуваат зависно од извршената работа, приближно 500.000,00 денари. Дел од средствата за одржување на јавна чистота предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместокот што се плаќа за одржување на јавната чистота во централното градско подрачје во Пехчево.

**V. Надзор над извршувањето на Програмата**
Надзор над спроведувањето на Законот за јавна чистота и прописот – „Програмата за одржување на јавна чистота во општина Пехчево„ донесена врз основа на овој закон, врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.
Инспекцискиот надзор го врши општинскиот комунален инспектор.

**VI. Завршни одредби**
Програмата за одржување на јавна чистота на општина Пехчево за 2022 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Пехчево“.

Иработил:
Општински комунален инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.08-146/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



Created with
PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/20
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), и член 30 став 1 точка 15 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево“ бр. 03/2021), на предлог на Градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 28.01.2022 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А - Ј7**
**за одржување на јавно зеленило**
**на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година**

**Вовед**

Програмата за одржување и урсдување на јавното зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитните подрачја и спортско рекреативните центри и уредување на нови зелени површини, како и начинот на нивно финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларни прегледи, опфатени со Годишната програма за работа на извршителот на програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкција на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

**Организација на одржување на јавното зеленило**

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардите и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на градот Пехчево и одржување на јавно зеленило во вонградски појас.
- Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Пехчево се врши постојано.



Created with
PDFBear.com

**1. Парковски зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен интерес се:**

- на влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на „Макпетрол„ под патот............2200 $м^2$
- на влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на „Макпетрол„ над патот............1000 $м^2$
- ...............................парк пред Општинската зграда на Пехчево и зградата на „Партизан„....200 $м^2$
- зелените површини спроти раскрсницата на булеварот„Равен„ со ул.„Индустриска
- ........................................................................................................... 700 $м^2$
- зелените површини спроти раскрсницата на булеварот„Равен„ со ул. „Илинденска
- ........................................................................................................ .......570 $м^2$
- плоштад „ Свети Петар и Павле.........................................................................100 $м^2$
- паркова зелена површина до здравен дом „д-р Иван Ѓорѓиев„ Пехчево .................... 2 500 $м^2$
- паркова зелена површина пред црквата „Свети Петар и Павле„........................120 $м^2$
- паркова зелена површина пред Стопанска банка, „Пешан„ и Пошта................ 190$м^2$ +50 $м^2$ +75 $м^2$
- паркова зелена површина помеѓу ООУ „Ванчо Китановски„ и ОЈУД „7септември„ ........................................................................................................................ 1200$м^2$
- парк „Езерце„ ......................................................................................... 5500$м^2$
- паркова зелена површина над гратското пазариште .......................................1300 $м^2$ +350$м^2$
- зеленило по останатите улици во Пехчево........................................................2600 $м^2$

**ВКУПНО** ........................................................................................**19.655 $м^2$**

**2. Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- Туристичко - рекреативен центар„Равна Река„ ..................................................... 6200$м^2$
- Зелен појас од Пехчево до туристичкиот локалитет „Равна Река од двете страни на патот ..................................................................................................................... 12000 $м^2$
- Зелена површина околу археолошкиот локалитет „Света Петка„ ........................ 1100 $м^2$

**ВКУПНО**...................................................................................................... **19.300** $м^2$

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

| Ред. број | Вид операција | Единца мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | $м^2$ | 38955 | 11 |
| 2 | Припрема на цветни површини | $м^2$ | 300 | 2 |
| 3 | Садење на сезонски цвеќиња | бр. | 500 | 2 |
| 4 | Прскање со инсектициди на сезонско цвеќе | бр. | 500 | 2 |
| 5 | Окопување на грмушки | бр | 20 | 1 |
| 6 | Кроење на дрвореди, оформување на крошни и украсни грмушки и нивно негување | 6р | 70 | 2 |
| 7 | Окопување на цвеќиња (ружи) | 6р | 30 | 2 |
| 8 | Кроење на цвеќиња (ружи) | 6р | 30 | 1 |
| 9 | Чистење на зел. површини од листови и др. | $м^2$ | 50.000 | 5 |
| 10 | Залевање на зелени површини | $м^2$ | 50.000 | 60 |



Created with
PDFBear.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Прихрана со вештачки ѓубрива | кг. | 50 | 1 |
| 12 | Расад за сезонско цвеќе | бр. | 3000 | 3 |
| 13 | Вода потрошена за залевање | $м^3$ | 1300 | 34 |
| 14 | Одржување на дрвореди | бр | 50 | 2 |
| 15 | Отстранување и сечење на дотраени стебла | По готреба | По потреба | По потреба |

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред-бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Вкупно опер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | 9 |
| 2 | Собирање на искосена треева | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | 9 |
| 3 | Припрема за цветни површини | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | | | | | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| 5 | Прскање на сезонско цвеќе со инсектицид | | | | | | 1 | | 1 | | | | | 2 |
| 6 | Окопување на грмушки | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 9 | Кроење на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 10 | Чистење на зелени површини од листови идр. | | | | 1 | | | | | | 2 | 2 | | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | | | | | 5 | 8 | 8 | 8 | 5 | | | | 34 |

**ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

ЈКП „Комуналец" - Пехчево изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.



Created with
PDFBear.com

**НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Инспекциски надзор согласно Одлуката за комунален ред врши општинскиот комунален инспектор. (Член 43 од Законот за комунални дејности е избришан)

- Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка, ако постапува спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред- Прекршочни одредби.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Пехчево, Програма каде што се предвидени средава во висина од 350.000,00 денари,

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година.

Цените за работите околу одржувањето,подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈКП„Комуналец" - Пехчево се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево".

Изработил: Општински комунален инспектор ,Светлана Стамболиска

Бр.08-147/1<br>28.01.2022 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with PDFBear.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на третата седница одржана на ден 28.01.2022 година.

Бр. 09-150/21
28.01.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 5, став 15 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 159 од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево бр. 07-1717/1 од 22.10.2013 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2022 година**

Со оваа Програма за други комунални услуги, се планира да се утврди обемот на активностите за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, се предвидуваат работи и работни задачи, активности за извршување, динамика, услови, организација и реализација на предвидената програма, како и предвидените средства за работа и начинот на финансирање.

Поточно, Програмата подразбира контрола на популацијата на бездомните кучиња што првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните -кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. „Залови – стерилизирај - вакцинирај – врати“ е востановена како еднинствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација. Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. На територијата на општина Пехчево во моментот 200 сопственици на кучиња, имаат регистрирано околу 550 кучиња, а 150 од нив се невакцинирани.



Created with
PDFBear.com

Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици, мора да се исполнува.

Планирани активности

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување - чипирање и регистрација на кучињата од страна на сопствениците , едукација на имателите на кучиња и казнување за неодговорните сопственици).

Програмата за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Пехчево е заснована на нивна перманентна контрола на подрачјето на целиот град и пошироко и ги предвидува следните активности:

Со цел за разрешување на проблемот со кучињата скитници во општина Пехчево превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. За тековно и нормално функционирање на програмата и за третирање на кучињата скитници и нивен медицински третман општината спроведе оглас за заловување, прифаќање и третирање на кучињата скитници и други нерегистрирани кучиња во општина Пехчево со спроведување на постапка - набавка од мала вредност, со електронска аукција изберена е понудата од економскиот оператор Ветеринарна клиника ИНО – ВЕТ од Куманово, со кој склучи договор. Во понудата се одредени активностите и финансиските средства за реализација на програмата. Техничката понуда на економскиот оператор Ветеринарна клиника ИНО – ВЕТ од Куманово се состои од два дела, каде за секоја ставка има дадено поединечна цена:

1. Стручен третман:

- безболно заловување на кучиња (со фотографирање) и нивен транспорт до прифаталиште, враќање во реон;
- лабараториско испитување на Лајшманиоза;
- стерилизација на кучиња женки;
- кастрација на машки кучиња;
- идентификација и регистрација со микрочипови и ушни маркички со изработка на досие;
- вакцинација против беснило и антипаразитски третман;
- престој во прифаталиште по куче од ден;

2. Еутаназија

- заловување на животните и нивен транспорт до прифаталиште, транспорт до депонија;

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка Ј8 во буџетот на општина Пехчево.

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната фирма согласно единичните цени кои се дадени во Понудата на избраната фирма и бројот на кучињата кои се третирани.

Составен дел на Програмата за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2022 година е и Планот за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналните редари.

Согласно истата се планира на секое тромесечје да се врши заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на оштина Пехчево, согласно спроведената постапка и обезбедените средства од буџетот на општината.

План за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналниот инспектор и комуналните редари во општина Пехчево



Created with
PDFBear.com

| Ред. број | Период(месеци) | Активност | Единица мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | февруари, март | Заловување на територијата околу депонијата | бр. | 6 | 1 |
| 2 | април, мај, јуни | Заловување околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици | бр. | 10 | 1 |
| 3 | јули, август, септември | Заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња во централното градско подрачје и депонијата | бр. | 9 | 1 |
| 4 | октомври, ноември, декември | Заловување на раскрсници во Пехчево и други места | бр. | 8 | 1 |

Изработил:
Светлана Стамболиска - Општински комунален инспектор

Бр.08-148/1
28.01.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р



Created with
PDFBear.com

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2022 година ________________________________ 3;
2. Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година ________________________________ 14;
3. Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2022 година ________________________________ 18;
4. Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2021 до 30.09.2021 година ________________ 22;
5. Заклучок за не усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________________________________ 30;
6. Заклучок за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица ______________________________ 31;
7. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП Комуналец за висината на цената за плаќање на лица ангажирани од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за вршење на работи _____ 32;
8. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2021 год ________________________________ 34;
9. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, Пехчево за 2022 година ________________________________ 41;
10. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2022 година ________________________________ 47;
11. Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2022 година ________________________________ 56;
12. Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на туризмот за 2022 година __62;
13. Заклучок за не усвојување на измени и дополнувања на Статутот на општина Пехчево ___65;
14. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година _____67;
15. Заклучок за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2022 година ________________________________ 91;
16. Одлука за усвојување на иницијатива за изработка на планска документација – Урбанистички проект за формирање на градежна парцела ____________________________ 92;
17. Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2022 год ______ 93;
18. Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2022 година _________ 109;
19. Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2022 година ________________________________ 112;
20. Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2022 година ________________________________ 116;



Created with
PDFBear.com